**Предлагање на одлуки по точки од дневен ред**

**1. Усвојување на одлуки по точки од дневен ред**

Согласно член 390 став 5 од Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваaат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на собранието на друштвото.

**2. Предлог**

Предлагањето на одлуки за усвојување се испраќања до органот на управување на друштвото (Одбор на директори) во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седницата на собранието на друштвото.

**3.Документација**

Заедно со барањето акционерот задолжително треба да приложи и документи за идентификација, и тоа:

1. за акционер физичко лице се приложува:
   - извод од ЦДХВ во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од 3 (три) дена,
   - копија од лична карта или пасош
2. за акционер правно лице се приложува:
   - извод од ЦДХВ во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од 3 (три) дена,
   - последна тековна состојба од ЦРМ во оригинал не постара од 7 (седум) дена,
   - копија од лична карта или пасош на законскиот застапник

Предлогот заедно со документите за идентификација мора да биде примено во Друштвото најдоцна 8 (осум) дена од денот на објавувањето на јавниот повик. Барањето се доставува на адреса:

**Акционерско друштво за осигурување и реосигурување**
**МАКЕДОНИЈА Скопје – Виена Иншуренс Груп**
**Ул. "11 Октомври, бр.25" Скопје**
**За: Управен одбор**

ул. 11 Октомври бр. 25, П. фах: 27, 1000 Скопје
Република Македонија
Телефон: +389 (0)2 3115 188
Факс: +389 (0)2 3137 154
e-mail: info@insumak.mk